
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 48	10.12.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ДЕКЕМВРИ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 06.12.2024 год.

Бр. 09-2389/1
10.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл. весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016 и Сл. весник на РСМ бр. 151/2021) Советот на Општина Јегуновце на четириесетиосмата седница одржана на ден 06.12.2024 година донесе

О Д Л У К А
за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општината за 2024 година на следниот начин:

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	*Основни плати - други вработени*	0	0	-46.000	0	0
401310	*Персонален данок на доход од плата*	0	0	-14.000	0	0
402110	*Основни придонеси за ПИО*	0	0	-22.000	0	0
402210	*Основни придонеси за здравство*	0	0	-15.000	0	0
402220	*Основен придонес за професионално заболување*	0	0	-5.000	0	0
402310	*Основни продонеси до Агенцијата за вработување*	0	0	-5.000	0	0
404110	*Надомест за годишен одмор*	0	0	-21.000	0	0
421240	*Течни горива*	0	0	-100.000	0	0
424440	*Поправки и одржување на друга опрема*	0	0	99.000	0	0
425990	*Други договорни услуги*	0	0	22.000	0	0
480160	*Купување на опрема за греење и климатизација*	0	0	107.000	0	0
V10	**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**					
404110	*Надомест за годишен одмор*	0	0	-28.000	0	0
423110	*Канцелариски материјали*	0	0	28.000	0	0
		0	0	0	0	0

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2024 година.

Бр. 08-2361/3
06.12.2024 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма на ООУ„ Симче Настовски„ с. Вратница за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024/2025

Се прогласува Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма на ООУ„ Симче Настовски„ с. Вратница за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024/2025, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 06.12.2024 год.

Бр. 09-2389/2
10.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на четириесетиосмата седница одржана на 06.12.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2024/2025

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2024/2025

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница.

Бр.08-2361/4
06.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за набавка на рекламен материјал

Се прогласува Одлуката за набавка на рекламен материјал, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 06.12.2024 год.

Бр. 09-2389/3
10.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетиосмата седница одржана на ден 06.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А
За набавка на рекламен материјал

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце за набавка на рекламен материјал по повод новогодишните празници се одобруваат финансиски средства во износ до 100.000 без ДДВ.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-2361/5
06.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна Општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во Општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна Општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во Општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 06.12.2024 год.

Бр. 09-2389/4
10.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетиосмата седница одржана на ден 06.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце.

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце се одобрува финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце на учениците од I – V одделение.

Член 2

Одобрените средства ќе се исплатат во наредниот буџет од потпрограма ДО градоначалник конто 426210-расходи за репрезентација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-2361/6
06.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 120 став 9 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Сл.весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 41 став 1 алинеа 6 од Статутот на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/3 од 31.08.2016 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 02.12.2024 год., донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

1. Маја Васовска Николовски се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце заклучно со 30.11.2024 год.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение беше именувано за вршител на должноста директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце во период од 01.06.2024 до 30.11.2024 год.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-997/1 од 31.05.2024 год.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 126 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Сл.весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 44 од Статутот на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/3 од 31.08.2016 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 02.12.2024 год., донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на мандатот на в.д. директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

1. Маја Васовска Николовски родена на 02.01.1984 год. во Тетово, со место на живеење во Прељубиште ул.101 бр.бб имател на ЕМБГ 0201984475018 и л.к.бр.А1717054 издадена од МВР Тетово, со завршено Високо образование VII/1 степен – Педагошки факултет, Предучилишна настава, вработена во Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце на работно место Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст, со звање приправник, именувана за в.д. Директор со Решение бр.09-977/1 од 31.05.2024 год., за период од 6 месеци од 01.06.2024 год., до 30.11.2024 год., му се продолжува мандатот за вршител на должност директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, почнувајќи од 01.12.2024 год.

2. Вршителот на должноста директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце ќе ги врши работите до именување нов директор но не подолго од шест месеци од денот на продолжувањето на мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година 1

2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 година 2

3. Решение за прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма на ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024/2025..... 3

4. Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2024/2025..... 4

5. Решение за прогласување на Одлука за набавка на рекламен материјал 5

6. Одлука за набавка на рекламен материјал..... 6

7. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце 7

8. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце 8

9. Решение за разрешување вршител на должност Директор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце 9

10. Решение за продолжување на мандатот за в.д. директор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце 10